**Добиени мислења и коментари по Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по истите**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 36-та седница одржана на 16.11.2015 година, согласно Заклучокот бр.02-6522/4 од 16.11.2015 година, ја донесе Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година).

**Заклучно со 21.12.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги свои предлози за измена и дополнување на овој текст доставија Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата и Македонски Телеком АД – Скопје.**

1. **На 04.12.2015 година, членот на Советот на Агенцијата Зоран Фиданоски, достави „Предлог за измени и дополнувања на Нацрт-Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (како што стои во насловот), донесена на 36-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 16.11.2015 година“ (наш бр.01-6897/1 од 04.12.2015 година – прилог бр.1).** Предлогот се состои од три амандмани:

***1.1.*** *Амандман 1:*

***1.1.1.*** *“Точка 1.3. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ се менува во насловот и гласи: „ЗАШТИТА И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ“.*

Амандманот се прифаќа.

***1.1.2.*** *Точка 1.3. се дополнува со зборовите: „Стимулирање на развојот на специјализирани програмски сервиси“*

Амандманот се прифаќа.

Образложение: Имајќи предвид дека во Република Македонија нема ниту една телевизија од специјализиран формат, а истражувањата на мислењата на публиката покажаа дека на публиката и недостасува ваква телевизија, и тоа за документарни и детски програми, во 2016 година Агенцијата ќе преземе активности во насока на стимулирање на развојот на специјализирани програмски сервиси.

**1.1.3.** *Точка 1.3. се дополнува со зборовите: „Зголемување на редакциската култура кај медиумите, јакнење на свеста за важноста на независната уредувачка политика, за професионалните новинарски стандарди и за почитувањето на човековите права во медиумските производи, преку саморегулаторни механизми“.*

Амандманот се прифаќа.

Образложение: Предлогот е дополнително преточување во зборови на заложбата и активностите на Агенцијата за подигнување на нивото на редакциската култура кај медиумите, која е една од константите во работењето на регулаторното тело. Иако прашањата за уредувачката независност, почитувањето на професионалните новинарски стандарди, а со тоа и на човековите права во медиумските производи, како што се наведува и во самиот амандман, се пред сè предмет на функционирањето на саморегулаторните механизми, Агенцијата секогаш настојувала да ги потсетува радиодифузерите за важноста на овие прашања, но притоа внимавајќи да не ги пречекори своите надлежности. Како што покажува и досегашната практика, Агенцијата редовно организирала работилници, обуки и друг вид состаноци чија целна група се медиумските професионалци. Оттаму, деловите од Програмата за работа за *Социјална инклузија*, *Медиумска писменост*, *Изборно медиумско претставување, Анализи и истражувања*, *Соработка со домашни регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации*, или директно спомenuваат или иманентно подразбираат активности насочени во овој правец – било со организирање посебни работилници, било со изборот на темите за јавните состаноци на Агенцијата, било со продлабочување на соработката со институции и организации преку потпишување меморандуми за соработка, или формирањето мрежа за поттикнување на медиумската писменост итн. Програмата не е документ кој може да опфати сè, но истовремено не е ниту затворен документ – односно регулаторното тело ќе ја задржи практиката секогаш да реализира и активности кои не биле предвидени (каков што е случајот со Планот за популаризирање на правото на одговор и исправка во 2015 година).

**1.1.4.** *Точка 1.3. се дополнува со зборовите: „Поттикнување на политичкиот плурализам кај радиодифузерите и по обем (квантитет) и по содржина (квалитет)“*

Амандманот не се прифаќа.

Образложение: Активност за анализа на политичкиот плурализам (од далеку поголеми размери) е веќе предвидена во рамките на една од приоритетните активности на Агенцијата за 2016 година - Изборното медиумско претставување. Станува збор за мониторингот на медиумското покривање на предвремените парламентарни избори кој по своите методолошки карактеристики е пример за спроведување анализа на политичкиот плурализам. Имено:

- Постојат јасни критериуми за тоа како се мери плурализмот на гледишта (квантитативни и квалитативни аспекти за постигнување баланс во известувањето) кои се пропишани со Изборниот законик и дополнително разработени со Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси;
- Во Прирачникот за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам), кој (меѓу другото) се потпира и врз „Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик“ на Европската комисија од јули 2009 година, речиси третина од индикаторите во делот кој се однесува на Показателите за оценување на политичкиот плурализам се поврзани со изборните кампањи;

- Примерокот ги опфаќа не само јавниот сервис и телевизиските програмски сервиси на државно ниво туку сите радиодифузери кои ги покриваат изборите;
- Се работи, всушност, за студија на случај, со оглед на фактот што она што се следи кај сите радиодифузери е начинот на кој ги покриваат изборите;
- Примерокот е жанровски еден од најбогатите бидејќи се следат не само дневно-информативните емисии, туку и актуелно-информативните емисии, дебатите, соочувањата, интервјуата, како и појавувањето на изборите во други видови програми;
- Изборниот законик предвидува санкција за радиодифузерите кои нема да го обезбедат законски гарантираното ниво политички плурализам (односно баланс во известувањето), за разлика од регулативата која важи надвор од изборна кампања и во која не се предвидени мерки и надлежности на Агенцијата.

***1.2.*** *Амандман 2:*

*„Точка 5 – УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА РЕГУЛАТИВА, се менува и гласи:*

*Во првата половина од 2016 година Агенцијата ќе изготви анализа за имплементацијата во првите две години и за потребата од дополнително менување на ЗАВМУ и на Законот на медиуми во согласност со препораките на ЕК како и целите на ЕУ што се однесуваат на работата на медиумите, од која треба да произлезат конкретни предлози за законски измени и која ќе биде објавена на веб страната на Агецијата.*

*Во 2016 година Агенцијата ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски и други акти согласно измените и дополнувањата на позитивните законски прописи во Република Македонија.“*

Амандманот делумно се прифаќа.

Образложение: Во тек е изработка на „Анализа на имплементацијата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ и „Анализа на имплементацијата на Законот за медиуми“ од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, кои ќе бидат завршени до крајот на оваа година, а во точка 5 „Усогласување на домашната регулатива“ од Нацрт-програмата, веќе е предвидено дека „Во 2016 година Агенцијата ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски и други акти согласно со измените и дополнувањата на позитивните законски прописи во Република Македонија“.

***1.3.*** *Амандман 3:*

*„Точка ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ се дополнува со:*

*Агенцијата до крајот на јануари 2016 на јавноста да и презентира Нацрт-методологија за мониторинг на Интернет портали за време на избори, во согласност со последните измени на изборната регулатива.*

*Агенцијата да даде предлог за измена на Изборниот законик, со кој би се корегирале последните измени, а се однесуваат на казнените одредби за медиумите“.*

Амандманот не се прифаќа.

Образложение: Агенцијата, при отворањето јавна расправа по текстот на Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, го објави и ставот за обврската воведена со измените на Изборниот законик од ноември 2015 година согласно која е задолжена да го следи изборното медиумско претставување и на електронските медиуми (интернет портали).

Имено, Агенцијата соопшти дека нема да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите бидејќи, не постојат предуслови за тоа затоа што:

- Изборниот законик не го дефинира поимот „интернет портали“, ниту неговиот опфат;
- Ваква дефиниција, како што е познато, нема ниту во другите домашни закони;
- Во Република Македонија не постои регистар на интернет портали, како што на пример, има регистри на издавачи на печатени медиуми, на радијата и на телевизиите;
- Од Класификацијата на дејностите што ја употребува Централниот регистар, но и од дефинициите на поимот во стручната литература, евидентно е дека станува збор за термин со далеку поширок опфат отколку лаичките претпоставки за него;
- Сопственото истражување на Агенцијата преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, покажа дека некои од правните лица кои би требало да бидат опфатени во категоријата интернет портали се регистрирани со друга дејност, а некои интернет портали ги издаваат здруженија на граѓани или новински агенции, што создава услови за селективност при надзорот, односно не може да се обезбеди праведен и правичен пристап во основата на мониторингот; и
- Во европската регулаторна практика не успеавме да најдеме примери за мониторинг врз содржините на интернет медиуми од страна на регулаторни тела, какво што е Агенцијата.

Агенцијата, непосредно пред усвојувањето на измените од ноември 2015 година, до Министерството за правда достави мислење за слабостите детектирани во Изборниот законик врз основа на искуството од мониорингот на изборните процеси во 2014 година, а по донесувањето на измените, повторно реагираше поради тоа што во законикот, во делот на казнените и прекршочните одредби, не се пропишани казни (глоби) и прекршочни одредби за непочитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од јавни средства (член 83 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15) и за забраната за емитување платено политичко рекламирање од 20 декември 2015 година (член 82 Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15).

**2. На 21.12.2015 година, Македонски Телеком АД-Скопје достави „Коментари на Нацрт Програмата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година“ (наш бр.01-7085/1 од 21.12.2015 година – прилог бр.2), во кои се наведени три предлози за дополнување на Нацрт-програмата:**

***2.1.*** *„Во Нацрт Програмата, во делот за регистрација на услугите на барање односно нелинеарните услуги е наведено дека за истите се поднесува пријава како што е предвидено за линеарните услуги што е во спротивност со сегашното решение нелинеарните услуги*

*само да се нотифицираат. Сметаме дека е доволна само нотификација на истите од причина што ваквата пракса е востановена и во останатите земји".*

Амандманот не се прифаќа.

Образложение: Текстот на Нацрт-Програмата е изработен врз основа на постојното законско решение утврдено во член 56 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој гласи: *„Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен пред да започне со обезбедување на одреден вид аудиовизуелна медиумска услуга по барање да достави пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата му издава потврда за регистрација"*.

**2.2.** *„Исто така сметаме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Нацрт Програмата треба да предвиди измени на постојниот Правилник за регистрација во насока на олеснување на целокупниот процес на регистрација на програмските пакети и да го имплементира електронскиот начин на комуникација помеѓу Агенцијата и операторите кои вршат реемитување на програмските сервиси"*.

Амандманот се прифаќа.

Образложение: Во точка 5 „Усогласување на домашната регулатива" од Нацрт-програмата, веќе е предвидено дека *„Во 2016 година Агенцијата ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски и други акти согласно со измените и дополнувањата на позитивните законски прописи во Република Македонија"*, што го вклучува и овој Правилник.

***2.3.*** *„Во врска со планираниот надзор над субјектите согласно надлежностите на Агенцијата, се залагаме за рамноправен третман на сите субјекти односно вршење редовен надзор на сите оператори кои вршат реемитување на програмски сервиси вклучително и помалите оператори. Во однос на надзорот, би сакале да укажеме, по извршениот надзор од страна на Агенцијата врз релевантниот субјект, Агенцијата да изготви и да го достави до субјектите на надзорот без оглед на наодите во истиот. Ова од причина што досега, субјектот на надзорот не добива повратна информација доколку при надзорот не се најдени неправилности во работењето на субјектот односно не е утврдена повреда на законските и подзаконските прописи, а истата е битна за понатамошното работење".*

Амандманот не се прифаќа.

Образложение: Агенцијата обезбедува рамноправен третман на сите субјекти, на начин што редовниот програмски надзор го врши врз основа на Годишниот план за вршење на програмски надзор. Во текот на 2015 година, Агенцијата спроведе програмски надзор врз работењето на сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи коишто се евидентирани во регистарот. Писмените извештаи од спроведените надзори

Агенцијата ги објавува на својата веб страница истиот ден кога тие се заверени во архивата на Агенцијата, со што овозможува сите заинтересирани страни да имаат пристап до нив.

***2.4.*** *„Сметаме дека зајакнувањето на соработката на Агенцијата со другите надлежни органи ќе овозможи правилна и успешна наплата на законски предвидените надоместоци кои сите оператори што реемитуваат програмски сервиси треба да ги плаќаат на Агенцијата. Соработката на Агенцијата со други надлежни органи ќе доведе до утврдување на точните параметри врз основа на кои се пресметува годишниот надоместок, а со тоа и реално пресметување на надоместоците и рамноправен третман на сите учесници на пазарот“.*

Амандманот не се прифаќа.

Образложение: Соработката на Агенцијата со другите надлежни органи е веќе опфатена во Нацрт-програмата во точката 9 *„Соработка со домашни регулторни тела, надлежни институции и асоцијации“.*

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***